# ЗАПИСНИК

од 14-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје 30 јануари, 2023 г.

Присутни: Данела Арсовска (Градоначалник на Град Скопје), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Александар Нанчев (со овластување од Костадин Костадинов, Градоначалник на Општина Струмица), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Стојанчо Рамов, со овластување (Митко Јанчев, Градоначалник на Општина Кавадарци беше вклучен со видео врска), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп).

Дискусија:

Со предлозите за дополнување и промена на редоследот на точките од оној доставен со поканата за одржување на оваа седница, Управниот одбор на ЗЕЛС на оваа седница го услови следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување на содржината на Предлог - Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и Влада на Република Северна Македонија;
2. Одлука за именување член и заменик - член во Постојана советодавна група за консолидација на земјиште, формирана од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. Разгледување на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарството;
4. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за тарифникот за користење на ЗЕЛС тренинг центарот.
5. Утврдување на ставови на ЗЕЛС за надминување на актуелните состојби поврзани со енергетската криза.
6. Одлука за избор на Претседател на управниот одбор на ЗЕЛС.
7. Разно

ПРВА ТОЧКА: Разгледување на содржината на Предлог - Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и Влада на Република Северна Македонија;

Во текот на 2022 година, Управниот одбор на ЗЕЛС ја утврди содржината на Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и Владата на Република Северна Македонија во кој беа утврдени областите на соработка, формата и начинот на спроведување на одредбите на истиот. Во текот на месец јануари 2023 година, од Владата до ЗЕЛС е доставена верзија на текстот за кој Владата предлага да биде содржина на истиот.

Присутните беа запознати со суштинските промени кои ги содржи применета верзија од страна на Владата доставена до ЗЕЛС со која се бришат одредбите кои упатуваат на континуитет во соработката, односно упатуваат на склучениот Меморандум во 2003 година. Исто така, недостасуваат членовите кои се однесуваат на взаемните заложби за дополнителна финансиска децентрализација, таканаречените "буџетски преговори" за кои ЗЕЛС долг период се залага, а исто така и повеќе одредби кои се однесуваат на урбанизмот, културата, образованието.

Беше предложено да се отвори дијалог преку кој двете страни ќе имаат можност да ги образложат своите ставови, за аргументирано да се усогласи содржината на текстот кој ќе биде потпишан.

ЗАКЛУЧОК: Се задолжува извршниот директор да оствари консултација со советникот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија кој е задолжен за утврдување на конечната содржина на текстот на Меморандумот за соработка за низ процес на аргументиран дијалог да се утврди усогласена содржина на текстот заради негово конечно потпишување.

ВТОРА ТОЧКА: Одлука за именување член и заменик - член во Постојана советодавна група за консолидација на земјиште, формирана од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;

Управниот одбор одлучи за претставник на ЗЕЛС во Одлука за именување член и заменик - член во Постојана советодавна група за консолидација на земјиште, формирана од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство да биде еден градоначалник и еден претставник на стручната служба на ЗЕЛС.

ОДЛУКА: За претставник на ЗЕЛС во Постојана советодавна група за консолидација на земјиште, формирана од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за член се именува г. Виктор Паунов, градоначалник на општина Карбинци, а за негов заменик се именува г-ѓа Наташа Вртеска, советник за нормативно-правни работи, вработена во стручната служба на ЗЕЛС.

ТРЕТА ТОЧКА: Разгледување на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарството;

Министерството за одбрана формираше работна група во која членуваат и претставници на стручната служба на ЗЕЛС за изработка на текст на Предлог – Закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарството. Од страна на Министерството за одбрана до ЗЕЛС е доставена работна верзија која е доставена до сите општини и до противпожарните единици во нашата држава.

Присутните беа запознати со некои предложени новини, а особено големиот обем на активности кои со Закон се утврдуваат како обврска за Командантот на противпожарната бригада на Град Скопје, кој се предвидува да има надзорни надлежности, да врши проверка на подготвеноста и капацитетот на останатите противпожарни единици во државата и за тоа да известува до надлежните органи како и да предлага мерки за подобрување на состојбите. Со текстот исто така се предвидуваат права на стекнување со право на пензија кои се разликуваат од останатите прописи со кои се уредува оваа материја, а исто така со текстот не се предвидува нити донесување на Методологија за утврдување на висината на платите на пожарникарите, како и утврдување на основ и висината на блок дотацијата за оваа надлежност, а обете се долгорочни барања на ЗЕЛС.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор ја поздравува иницијативата за изготвување на Предлог – Закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарството но смета дека е потребно

сеопфатна дебата за сите аспекти на новините преку процес на широка консултација со сите општини.

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Одлука за изменување и дополнување на Тарифникот за користење на ЗЕЛС Тренинг Центарот.

Со оглед на трендот на зголемување на цените на користење на угостителски услуги за организирање на настани, користење на простории и опрема, потребно е да се изврши усогласување на висината на изразените цени утврдени со Тарифникот за користење на ЗЕЛС Тренинг Центарот.

Измените кои се предлагаат во тарифникот се однесуваат на висината на цената за користење на просториите. Предлог – цените се доставени до Управниот одбор со материјалите за оваа седница.

ОДЛУКА: Управниот одбор донесе Одлука за изменување и дополнување на Тарифникот за користење на просториите на ЗТЦ донесен со Одлука бр. 0202 - 845/5 од 13 јули, 2013 г.

ПЕТТА ТОЧКА: Утврдување на ставови на ЗЕЛС за надминување на актуелните состојби поврзани со енергетската криза.

Присутните со своите дискусии се надоврзаа на ставовите заземени на неколку претходни седници на Управниот одбор. Најголемиот проблем претставува правниот вакуум настанат со новиот тарифник за утврдување на цената на струјата кој го донесе Регулаторната комисија за енергетика, а со кој, согласно директивите на Европската унија кои се применети во целост, не може да се изрази посебна цена на електрична енергија на улично осветлување. Во вакви услови, одредбите од Законот за комуналните такси кои се однесуваат на тарифата за улично осветлување е невозможно да се применат, па оттука, повторно без основ, се применува цената која важела пред да се донесе новиот тарифник за цената на електричната енергија. Но овие средства не се доволни ни најмалку за да може да се надоместат високите трошоци за електрична енергија. Општините презедоа повеќе мерки, како што се пренесувањето на броилата на јавните претпријатија или основаа нови субјекти и со тоа ги исполнија условите од Законот за енергетика за да добијат третман на мали потрошувачи, а дел од општините се обидоа да направат заштеда и преку гасење на секоја втора сијалица од уличното осветлување. Сите овие мерки не донесоа плод, со оглед дека со Мерките кои ги донесе Владата поврзани со прогласената енергетска криза, истите не можат да се применат, а Електродистрибуција изврши враќање на броилата од категорија мали потрошувачи во редовни. Беше посочен и проблемот со неуспешните постапки за јавни набавки, на кои ниту еден оператор не е заинтересиран под услови за користење на ноќна тарифа на струјата да дистрибуира електрична енергија за улично осветлување.

Присутните истакнаа дека речиси една година постојано апелираат до Владата да ги прими и да отвори дијалог за заедничко изнаоѓање решение, особено што во текот на месец декември е побарана и средба со Министерот за економија кој се уште не доставил одговор до ЗЕЛС.

Оттука беше побарано до Владата да се достави барање за итен состанок со назнака дека доколку до крајот на тековната недела ЗЕЛС не биде примен, градоначалниците на сите општини се подготвени следниот прв работен ден да отидат во Владата и да чекаат прием од претседателот на Владата.

Претседателката Арсовска реферираше за состанокот со амбасадорот на Европска Унија.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор на ЗЕЛС бара итна средба на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и членовите – министри на неговиот кабинет со Управниот одбор на ЗЕЛС заради разговор за изнаоѓање на решенија за надминување на ефектите на

енергетската криза врз општините и тоа најдоцна до петок, 3 февруари, 2023 г., а во спротивно, градоначалниците на сите општини се подготвени на 6 февруари да дојдат во Владата и да чекаат прием од претседателот.

***

Со изцрпување на дневниот ред, градоначалникот на општина Радовиш предложи да се додаде нова точка со предлог за ова дополнување на дневниот ред на оваа седница со оваа точка, Управниот одбор да гласа за ставање на оваа точка на дневниот ред. Предложената точка гласи:

ПРЕДЛОГ - ТОЧКА: Избор на нов претседател на Управниот одбор на ЗЕЛС.

За предлогот за утврдување на предложената точка како точка на дневниот ред гласаа 14 членови ЗА, против гласаа 3 члена.

***

ШЕСТА ТОЧКА: Одлука за избор на нов претседател на Управниот одбор на ЗЕЛС и претседател на заедницата.

ОДЛУКА: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе Одлука со која г. Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на општина Кисела Вода и член на Управниот одбор на ЗЕЛС, се избира за претседател на Управниот одбор на ЗЕЛС и за претседател на заедницата.

Одлуката се донесе со 15 гласови ЗА, против не гласаше ниту еден член, а воздржани беа 2 члена на Управниот одбор од вкупно 22 члена колку што брои согласно Статут овој орган на ЗЕЛС.

**Скопје 30 јануари, 2023 г.**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Орце Ѓорѓиевски**